Добро владеење за
отвореност и отчетност
во политиката и владеењето

Автори: Данче Даниловска, Нада Наумовска

# ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА

## Отвореност на институциите на судската власт во регионот и во Македонија

МЕТАМОРФОЗИС Фондација за интернет и општество

ActionSEE

National Endowment for Democracy
Supporting freedom around the world

Овој проект е финансиран од Европската Унија.

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржините во оваа публикација се единствена одговорност на партнерите од проектот „ACTION SEE“ и на истражувачкиот тим и на ниеден начин не ги одразуваат ставовите на Европската Унија.

Автори: Данче Даниловска, Нада Наумовска

Истражувачки тим од Метаморфозис - Фондација за интернет и општество:
Бардил Јашари, директор
Лилјана Пецова –Илиеска, проектен координатор

# ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА

## Отвореност на институциите на судската власт во регионот и во Македонија

---

Ставовите изразени во овој документ се на авторите и не ги отсликуваат ставовите на донаторите.

**Скопје, јули 2018**

## Вовед

Во соработка со партнерите од регионалната мрежа на НВО-и „ACTION SEE“, Метаморфозис, Фондација за интернет и општество ја изготви студијата на јавна политика во која го анализираме нивото на транспарентност, отвореност, отчетност на извршната власт во регионот на Западен Балкан. Студијата претставува резултат на опсежно истражување, базирано на научна метода, спроведено од членовите на мрежата ACTION SEE во текот на претходните неколку месеци. Целта на нашите активности е да се утврди вистинската состојба во регионот преку објективно мерење на отвореноста на извршната власт и да се адресираат препораки за нејзино подобрување. Исто така, цел е да се подобри почитувањето на принципите на доброто владеење, каде отвореноста зазема мошне важно место.
Сметаме дека ова се целите што ги споделуваме со институциите кои се вклучени во истражувањето.Предлогот за јавна политика, со придружна анализа, е втор ваков документ. Членовите на мрежата, минатата година, по спроведеното истражување, дадоа препораки за подобрување на отвореноста на владините институции.
Врз основа на резултатите од истражувањето спроведено во 2016 година, се направени анализи кои обезбедуваат преглед на ситуацијата во РМ и во регионот, вклучувајќи и забележани недостатоци и добри практики во оваа област. Врз основа на овие анализи, минатата година беа направени препораки и «патокази» за подобрување на специфичните области опфатени со истражувањето.
Членовите на мрежата ActionSEE, базирајќи ја својата работа на наодите и резултатите од последниот мониторинг, пристапи кон подобрување и прилагодување на методологијата за истражување и индикатори, со надеж дека новите информации кои се собраа ќе придонесат кон повисок квалитет на резултатите од проектот. Целта на користење на нови и подобрени индикатори е додавање на нови димензии на истражувањето и поефективен придонес за подобрување на отвореноста на институциите од регионот.
Поседувајќи претходно знаење, конкретни резултати и анализа на регионалната отвореност, и верувајќи дека институциите на извршната власт, ќе бидат водени од презентираните чекори за подобрување на состојбите во овие области, ќе работат на подобрување на истата, ние одлучивме да се залагаме за повисоко ниво на отвореност на владините институции во регионот. Така, годинашното истражување е збогатено со индикатори кои се залагаат за повисок стандард на проактивна транспарентност.

## Отвореност на судската власт во регионот

Судските органи во земјите од Западен Балкан не постигнаа задоволителни резултати во однос на отвореноста во 2016 година. Најголемиот дел од индикаторите за успех не беа задоволени од судските органи во регионот, кои исполнуваат 48% (судовите) и 40% (јавните обвинителства) од отвореноста на институциите. Еден од главните наоди при мерењето во 2016 година беше тоа што овие институции немаат веб-страници, со што се остава простор за загриженост заради необјавувањето на донесените пресуди.
За овогодишното мерење членовите на мрежата *ActionSEE* пристапија кон подобрување и прилагодување на методологијата за истражување и индикаторите

врз основа на резултатите и наодите од набљудувањето спроведено претходната година, со надеж дека новите информации кои се собраа ќе придонесат кон повисок квалитет на резултатите од проектот. Главната цел на користење нови и подобрени индикатори е додавање нови димензии на истражувањето и поефективен пристап за подобрување на отвореноста на институциите од регионот.

Според овогодишното мерење, отвореноста на судската власт во регионот на Западен Балкан исполнува 36% од индикаторите за успех. Овој резултат кој покажува намалување во успехот на судските органи го вклучува алармот за транспарентност, отвореност и отчетност на административната активност на овие институции. Предизвиците на тековните реформи на овие органи низ целиот регион, како и ниското ниво на транспарентност, не покажуваат дека се преземени конкретни заложби да се промовира транспарентноста, зајакнувањето на граѓаните и дејствијата против корупцијата. Отворената влада не е цел само на извршната и законодавната власт, потребно е судската власт да разбере што може да стори да ги подобри владата, општеството и демократијата (ОВП, 2016)[1].

Би сакале да истакнеме дека овогодинешното истражување опфати и застапуваше поголем степен на отвореност на институциите споредено со минатата година преку додавање нови индикатори за мерење отвореност, а со тоа се заостриja самите критериуми за мерење. Веруваме дека таквиот заострен пристап до истражувањето придонесе за резултатите да покажат намалување во отвореноста на судските органи. Од друга страна, резултатите и анализираните податоци покажуваат дека судството нема направено никакви напори за да ја подобри отвореноста откако беа објавени претходните резултати, затоа, новите индикатори не играат круцијална улога во генералното намалување на отвореноста.

Треба да се преземат конкретни и итни чекори за да се подобри успехот на оваа власт повторно да ја изгради довербата на граѓаните во судските органи. Нашата студија на јавна политика е адресирана до носителите на одлуки во судовите и обвинителствата во земјите од регионот. Може да биде корисна и за претставниците на меѓународните институции и колегите од невладините организации кои работат на вакви прашања.

Остануваме на Ваше располагање за сите сугестии, љубезни критики и дискусии поврзани со нашата студија на јавна политика.

## Судови и обвинителства во регионот

Истражувањето покажува дека нема еднаква дистрибуција на резултатите во секоја земја; се појавуваат значајни разлики во успехот меѓу државите од Западен Балкан.

Одредени наоди за работата на судските органи во регионот и сите земји од мрежата ActionSEE се презентирани во овој документ за да ги истакнат најважните прашања за кои владите на сите земји треба што побрзо да најдат решение во рамки на стандардите за отворена влада.

1) https://www.opengovpartnership.org/stories/towards-open-judiciary-achieving-open-justice-through-citizen-participation-and-transparency. Пристапено на 27 јули 2018 .

## Судовите во регионот

Резултатите од спроведеното истражување покажуваат намалување во успехот на судовите во врска со ефикасно исполнување на индикаторите за отвореност. Просекот на судовите од регионот според мерењето од 2016 изнесува **48%**, додека во 2017 тие исполнуваат само **41.6%** од индикаторите. Од друга страна, пак, има намалување во успехот на судските совети од регионот кои постигнаа резултати пониски за **12%** од минатото истражување.
Албанија (45%) и Србија (39%) постигнаа подобри резултати во однос на судовите споредено со резултатите од 2016 (Албанија 33% и Србија 36%). Но Албанија покажува сериозно намалување во резултатите на судскиот совет кој исполнува само 2% од индикаторите, а според анализата од 2016 резултатот бил 45%. Сите земји од регионот покажуваат пад во нивото на отвореност, но сепак судскиот совет на Црна Гора е константен со претходните мерења а судскиот совет на Босна и Херцеговина постигна подобри резултати споредено со 2016 кои се за 14% повисоки.
Нивото до кое судовите од регионот се отворени кон граѓаните, според четирите основни принципи, е следното: свесност со исполнети 50% од индикаторите, транспарентност 40%, пристапност 39% и интегритет 37%. Резултатите на сите принципи се пониски во споредба со резултатите од 2016, освен на транспарентноста која постигна 2% повисок резултат.
Ситуацијата изгледа полоша во однос на судските совети од регионот кои во просек ги исполнуваат принципите на Регионалниот индекс на отвореност за 10% помалку за разлика од претходните мерења.

## Пристапност и комуникација со граѓаните

Поголемиот дел од судовите не им овозможуваат пристап на граѓаните до нивните канцеларии и на нивните веб-страници не се користат механизми за давање информации на ранливите групи за нивните права и достапните соодветни лекови, нема насоки или онлајн механизми за поднесување поплаки или жалби, а се постигнати и ниски резултати во однос на објавувањето пресуди заедно со нивните образложенија.
Судовите од Западен Балкан не исполнуваат повеќе од 30% од индикаторите кога станува збор за пристапот до информации од јавен карактер. Голем број од судовите во регионот немаат своја веб-страница и затоа граѓаните се соочуваат со тешкотии при наоѓање информации од јавен карактер или увид до напредокот на нивните случаи. Рубриката наменета за слободен пристап до информации ретко се наоѓа на веб-страниците на судовите бидејќи повеќето судови, во пракса, не развиваат политики кои се справуваат со отвореноста на институциите.
Јавните судења исполнуваат 39% од индикаторите за отвореност. Лицата со попреченост се соочуваат со тешкотии кога пристапуваат во судниците, иако постојат законски акти според кои сите јавни институции се обврзани да ја прилагодат инфраструктурата на нивните згради за да го олеснат пристапот на маргинализираните групи.

## Спречување конфликт на интереси

Овој субдомен на принципот за интегритет покажува околу 20% исполнетост на индикаторите. Плановите за интегритет се алатки за проверка на волјата на институциите да се справат со неетички и коруптивни практики. Недостатокот на вакви планови остава простор за сериозна загриженост кога станува збор за судските постапки на судовите од Западен Балкан. Дополнително, голем број од судовите одговорија дека немаат организирано обуки или работилници на темите како конфликт на интереси/спречување корупција/укажување во случај на нерегуларности. Исто така важно е да се спомене дека судските органи од регионот се во процес на реформирање и тие ќе се соочуваат со многу промени и предизвици во блиска иднина, затоа овие институции повторно ќе бидат цел на мерење и ќе добијат препораки за да постигнат постојано подобрување на судството во регионот на Западен Балкан.

## Буџетска транспарентност

Само 33% од информациите за буџетот и 23% од процедурите за јавните набавки се објавени на веб-страниците на судовите од регионот. Понатаму, организациските информации исполнуваат 41% од индикаторите за транспарентност. Овој резултат делумно се должи на немањето официјални веб-страници, или во случаи каде што има, информациите не се ажурираат.
Овој резултат влијае на перцепцијата на јавноста за работата на судовите. Нејасните и неотворени видови приходи и расходи на овие институции ја спречуваат можноста да се генерира покачен тек на информации меѓу судските органи и општеството. Освен тоа, недостатокот на транспарентност ги елиминира маргините при своеволно одлучување, корупција и самоволие во однесувањето на судскиот систем и групите од интерес[4].

## Обвинителството во регионот

Резултатите од овогодинешното мерење покажуваат значајно намалување на успехот на обвинителството во регионот. Според мерењето од 2016 година, обвинителството од регионот исполнило **40%** од индикаторите, додека во 2017 резултатот е 31% исполнетост на индикаторите за отвореност.
Црна Гора со 65% исполнетост на индикаторите, Босна и Херцеговина со 41% и Косово со 46% ги имаат трите најотворени обвинителства во регионот. Споредено со минатогодишното мерење, само Косово го подобрило нивото на отвореност од 40% на 44% исполнетост на индикаторите. Сите други држави, освен Косово, бележат пад во успехот, а тоа претставува загрижувачки елемент во регионот.
Треба многу да се сработи во областа на спречување конфликт на интереси и известувањето за работата.
Нивото до кое обвинителството од регионот е отворено кон граѓаните, според четирите основни принципи, е следното: пристапност со исполнети 25% од индикаторите, свесност 39%, интегритет 38% и транспарентност 26%. Транспарентноста и пристапноста имаат благ пад споредено со минатогодишното мерење.

2) Herrero A., Lopez G., 2010, Access to Information and Transparency in the Judiciary: A guide to good practices from Latin America, World Bank Institute.

## Пристапност и комуникација со граѓаните

Обвинителствата од регионот имаат слаб резултат во однос на пристапноста и комуникацијата со граѓаните кои исполнуваат 25% од индикаторите. Затоа, може да се заклучи дека обвинителствата генерално не им овозможуваат на заинтересираните страни пристап до информации кои треба да се јавни. Како и во случајот со судовите од регионот, голем дел од обвинителствата не нудат никакви механизми за директна комуникација со обвинителите. Покрај тоа, обвинителствата од регионот не нудат адекватни информации на нивните веб-страници, ниту дел за поднесување жалби.
Обвинителствата од регионот кои ги вклучуваат јавното обвинителство и државното обвинителство не ги објавуваат издадените обвинение пратени до судовите и оние кои стигаат до фаза на судење. Правниот систем како целина не успеа да креира онлајн систем кој ќе ги следи обвиненијата и како тие се движат напред, иако некои земји имаат воспоставено таков систем тој не е функционален. Сепак, повеќето обвинителства во регионот имаат веб-страници, но не објавуваат информации посебно кога станува збор за делот слобода на информации.

## Спречување конфликт на интереси

Конфликтот на интереси во регионот, како дел од принципот на интегритет, исполнува 21% од индикаторите. Ова е многу низок и загрижувачки резултат со оглед на тоа што конфликтот на интереси како алатка за интегритет на обвинителите се справува со неетички и коруптивни практики. Една од главните причини за овој низок резултат во однос на конфликтот на интереси е тоа што сите обвинителства од Западен Балкан, со исклучок на Црна Гора, немаат организирано обуки за своите обвинители и административни службеници во 2016/2017 на кои ги информираа службениците што е конфликт на интереси. Освен тоа, обвинителствата во регионот не го спроведуваат етичкиот кодекс за обвинители кој ќе ги казни во случај на корупција/укажување во случаи на нерегуларности или ако не ги исполнуваат своите должности според работниот план на обвинителите.
Земјите од Западен Балкан што се на пат кон европската интеграција, а некои од нив имаат отворено поглавја за владеењето на правото и реформи во судскиот систем, се соочуваат со предизвици и промени кои ќе го подобрат системот, и важно е да се вклучат препораките за делот интегритет добиени од истражувањето кои ќе придонесат за подобрување на резултатот на обвинителството.

## Буџетска транспарентност

Резултатите за буџетската транспарентност покажуваат 20% исполнетост на индикаторите, како дел од принципот на транспарентност. Транспарентноста како целина ја вклучува и буџетската транспарентност, но резултатите за организациските информации и јавните набавки покажуваат 22% исполнетост на индикаторите, што е најниско од сите компоненти на отвореноста. Најслаб резултат од субдомените е прикажан од документите за јавните набавки и тие исполнуваат само 15% од индикаторите.
Овој низок резултат во врска со транспарентноста поврзан со буџетот и јавните набавки исто така влијае на перцепцијата на јавноста на работата на

обвинителството. Заради недостатокот на организациски информации трошоците на обвинителствата од регионот не се јавни, а тоа веднаш се рефлектира на нискиот резултат. Важно е обвинителствата од регионот да почнат да ги објавуваат нивните квартални и годишни извештаи и да го документираат целиот процес на набавки.

Стратегијата за реформа на правосудните органи во Република Македонија се фокусира на транспарентноста, **но резултатите од нејзиното спроведување с**è уште не може да се регистрираат.

Македонското судство наместо да ја има главната контролна функција над државата и институциите, со години претставуваше најслаба алка во системот на државната организација. Правосудните органи долги години немаа стратешка определба за насоката во која се движат, а политичките влијанија врз работењето на судството беа нотирани од сите значајни домашни и меѓународни организации. На крајот на 2017 Македонското судство конечно доби Стратегија за реформа на правосудниот сектор (2017-2022)[5], чија стратешка насока, меѓу другото е и транспарентноста на правосудството.

Анализата на состојбите која е содржана во Стратегија дава особено критички осврт на транспарентноста на правосудните органи, констатирајќи: (1) недоволно развиени интерни канали во врска со спроведувањето на политиката на односи со јавноста и комуникација меѓу раководните тела во правосудството; (2) Судскиот совет и Советот на јавни обвинители работат нетранспарентно во поглед на содржината на образложенијата на нивните одлуки; (3) Недоследна реализација на начелото на транспарентност и вклучување на јавноста во работата на правосудството преку непостоењето на ефикасен систем за собирање, обработка и анализа на статистички податоци за работата на судовите; (4) Нееднаквата форма на годишните извештаи на работа на судовите, Судскиот совет и на Врховниот суд создава проблеми во однос на јасноста, разбирливоста и читливоста на извештаите.

Стратегијата предвидува детални мерки[6] за подобрување на детектираните слабости, но резултатите од нејзиното спроведување се уште не може да се регистрираат. И нашето истражување потврдува дека сè уште не може да се зборува за резултати во поглед на отвореноста на правосудните органи, напротив – состојбата е влошена во сите сфери на правосудниот систем.

## Отвореност на Судската власт во Република Македонија

Македонските судови се на линија на просекот на исполнување на индикаторите за отвореност на регионално ниво. Односно судовите во регионот исполнуваат 40% од индикаторите, а македонските судови исполнуваат 39%. Кај судството не загрижува само нискиот процент на отвореност туку и големиот пад од минатата година за цели 13%. Според ова, може да се забележи дека пуштањето во употреба на новиот електронски Судски портал на РМ (www.vsrm.mk) не придонесе за поголема отвореност туку напротив – ја намали отвореноста на судовите. Организацијата и структурата на електронски Судски портал на РМ, што

3) Стратегија за реформа на правосудниот сектор (2017-2022) http://justice.gov.mk/Upload/Documents/2017-2022.pdf

4) Акциски план за спроведување на стратегијата за реформа на правосудниот сектор http://justice.gov.mk/Upload/Documents/29.11.2017AkciskiPlannovo%20za%20veb.pdf

беше пуштен во употреба во 2017, им дава можност на судовите да ги објавуваат сите потребни сегменти од нивното работење, но недостасува одговорен пристап на судовите и редовно внесување на податоци, како и целосно пренесување на содржините од старите на новата интегрирана веб-страница на судовите. Најмалку отворени се судовите во Охрид и Куманово со 28%, односно 29%, а меѓу најотворените се Основен суд Крива Паланка (48%), Основен суд Скопје 2 (51%); Врховен суд на РМ (55%) и Апелационен суд Битола (59%). Судскиот совет се разгледува посебно од судовите и неговиот степен на отвореност, со ниски 43%, не претставува пример и инспирација за судовите кој тој треба да ги оценува.

Во однос на принципите транспарентност, достапност, интегритет и ефикасност, по кои е правено истражувањето, исполнувањето на индикаторите за ефикасност од страна на судовите е на најниско ниво, односно судовите исполнуваат само 25% од индикаторите зашто на своите веб-сајтови не ги објавуваат информациите за времетраењето на предметите на ниво на судија и на ниво на суд, ниту ги објавуваат информациите за претставките против судиите и покренатите дисциплински постапки.

Иако со скромни 44% судовите најдобро стојат во делот на транспарентноста, каде се оценува достапноста на информации за годишните планови и извештаи на судовите, стратегии и надлежности на судовите и биографии на судиите. Но судовите не ги објавуваат платите на судиите и информациите за вработените во судовите.

## Пристап до правда и електронска дата база на пресуди

Со скромни 52% индикаторите за пристап до правда се најсилната страна на судовите во Македонија. Судовите се добро оценети во ова поле бидејќи тие ги објавуваат лицата за контакт со медиумите и за обезбедување пристап до информации и постојат одредби за употреба на јазиците на етничките заедници. Особено значајно е тоа што веб-страниците на сите судови имаат посебен линк за електронско објавување на пресудите. Сепак, од големо значење е редовното ажурирање и внесување на пресудите.

Во сегментот на пристап до правда судовите мора да сторат повеќе во релацијата со медиумите и да донесат насоки за соработка помеѓу судовите и медиумите. Исто така, судовите треба да ја подобрат пристапноста на лицата со посебни потреби на веб-страниците. Не може да се смета дека е задоволен принципот на пристап до правда само затоа што судовите објавуваат контакт информации на лицата одговорни за контакт со лицата со попреченост.

## Етички кодекси постојат но не се објавуваат

Принципот на интегритет судовите го исполнуваат со 42% што е голем пад од 2017 кога истиот принцип бил исполнет со 65%. Овој принцип вклучува механизми за спречување корупција и примена на етички кодекси. Етичките кодекси за судиската етика од 2006 и 2014 год иако се воведени одамна[7], има малку докази за придржување до нив[8]. Дополнително, што влијае на процентот на исполнувањето на индексот на интегритет е што овие кодекси не се објавени на веб-страниците на судовите.

5) Дополнително е развиен „Практичен водич за новиот Етички кодекс“ достапен на http://www.jpacademy.gov.mk/upload/PDF%20Files/Vodic%20za%20sudska%20etika%20BetettoSessa%20MK.pdf

6) Извештај на ЕК за оценување на прогресот на државата за пристапување во Унијата, 2016 год., достапен на https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2016/20161109_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf

## Судски совет на РМ

Судскиот совет бележи значаен пад во исполнувањето на индикаторите за транспарентност за 15%. Во 2017 исполнувал 58% од индикаторите а во 2018 година 43%. Принципот на достапност на судскиот совет е најниско оценет со 29%. Тоа е пред сè поради тоа што Судскиот совет нема добри канали за комуникација со граѓаните и со медиумите. Не постои водич за покренување жалби и претставки од граѓаните преку веб-порталот, не постои водич за медиумите, ниту пак се објавени одговорни лица за слободен пристап до информации од јавен карактер и лице за односи со јавноста и со медиумите.

Принципот на транспарентност е исто така на ниско ниво со исполнување на 35% од индикаторите. Судскиот совет единствено котира добро во поглед на достапните информации за организациската структура, а оценет е со 0% за немањето политики за конфликт на интереси и само 15% за буџетска транспарентност.

Судскиот совет, барем во формален смисла, ги исполнува на задоволително ниво индикаторите за независност со 75%, зашто со уставот е дефиниран како независно тело; постојат законски критериуми за избор на судии; има сопствен буџет и административна контрола врз Врховниот суд.

## Отвореност на основните и вишите јавни обвинителства на Република Македонија

Резултатите на јавното обвинителство како дел од правосудниот систем е на запрепастувачко ниско ниво со исполнување на само 9% од индикаторите за отвореност. Македонија е на последно место во регионот, чиј просек изнесува 27%. Во оваа гранка од правосудниот систем нема шампиони а нивниот пад во отвореноста е за цели 15% споредено со минатата година. Основните и вишите обвинителства и понатаму немаат свои веб-страници и заедно исполнуваат само 4% од индикаторите; Јавното обвинителство на РМ исполнува 43% а Советот на јавни обвинители само 20%.

Обвинителството на РМ е поставено хиерархиски како највисок орган над вишите и основните обвинителства и малкуте информации за нив се поставуваат единствено на веб-страницата на ова обвинителство. Обвинителството не ги зело предвид препораките на ова истражување кои и во 2017 беа во насока на тоа или основните и вишите обвинителства да добијат свои веб-страници или единствената (заедничка) веб-страница да се дополни со информации за Непостоењето на сопствените веб-страници на вишите и основните обвинителства основните и вишите обвинителства.

## Јавно обвинителството на РМ

Просекот на исполнетост на индикаторите за отвореност на Јавното обвинителството на РМ е повисок, но сепак е на незадоволително ниво од 43%. И регионалниот просек на овие институции е низок – 41%, па со своето ниво на отвореност, Јавното обвинителство е на второ место веднаш после Црна Гора, чие обвинителство е оценето со 65% исполнување на индикаторите. Највисоки

оценки ова обвинителство има за интегритет односно за мониторинг на работата на ЈО – 75%, а најниски за транспарентноста, односно за јавни набавки 16%. Минатата година истата институција исполнувала 75% од индикаторите за отвореност на јавните набавки, па според тоа минатогодишната најсилна страна на институцијата оваа година е најслаба алка во отвореноста. Ова е само еден пример преку кој може да се забележи отсуството на континуирана практика за транспарентност на институциите. Исто така, ваквите наоди може да укажуваат и на ненавремено објавување на информациите. Ова истражување се работеше во периодот од јануари до март, па така, можно е институциите во овој период да ги подготвуваат документите и задоцнето да ги објавуваат на своите веб-страници.

## Совет на јавни обвинители

Советот на Јавни обвинители исполнува само 20% од индикаторите за отвореност што е за пад од 18% споредено со 2017 кога биле исполнети 38%. Советот втора година по ред има најслаби оценки за достапноста зашто индикаторите за пристап до информации не ги исполнува воопшто! Освен за слободен пристап, Советот остварува 0% и за индикаторите за јавни набавки.
Исто како и кај Судскиот совет, и Советот на Јавни обвинители, барем во формална смисла, исполнува дел од индикаторите за независност (41%), зашто постојат законски критериуми за избор на обвинители и има сопствен буџет.

## Методологија на истражување

Отвореноста е клучен услов за демократијата бидејќи им овозможува на граѓаните да ги добијат информациите и знаењата потребни за еднакво учество во политичкиот живот, ефикасно донесување одлуки и држење институции одговорни за политиките што ги спроведуваат.
Институциите ширум светот преземаат конкретни активности со цел да ја зголемат нивната транспарентност и отчетност кон граѓаните. Со цел да се утврди степенот до кој граѓаните од Западен Балкан добиваат навремени и разбирливи информации од нивните институции, се разви регионален индекс на отвореност.
Индексот на регионална отвореност го мери степенот до кој институциите на земјите од Западен Балкан се отворени за граѓаните и општеството, врз основа на четири принципи: (1) транспарентност (2) пристапност (3) интегритет и (4) ефикасност.
Принципот на транспарентност подразбира дека организациските информации, буџетот и постапките за јавни набавки се јавно достапни и објавени. Пристапноста се однесува на обезбедување и почитување на постапките за слободен пристап до информациите и зајакнување на пристапноста на информациите преку механизмот на јавни сослушувања и зајакнување на интеракцијата со граѓаните. Интегритетот вклучува механизми за спречување на корупцијата, имплементација на Етичките кодови и регулирање на лобирањето. Последниот принцип, ефикасност, се однесува на мониторингот и евалуацијата на политиките што ги спроведуваат институциите. Следејќи ги меѓународните стандарди, препораки и примери за добра практика, овие начела се понатаму разработени преку специфични квантитативни и квалитативни индикатори кои се оценуваат врз основа на достапност на информациите на официјалните интернет страници

на институциите, квалитетот на правната рамка за поединечни прашања, други извори на информации од јавен карактер и прашалници до институциите.

Преку повеќе од 110 индикатори по институција, ја меревме и ја анализиравме отвореноста на институциите на судската власт во регионот и собравме преку 1000 податоци.Собирањето на податоци беше проследено со процес на верификација на податоците, што резултираше со стандардна грешка од +/- 3%.
Мерењето беше спроведено од декември 2017 година до крај на март 2018 година. Врз основа на резултатите од истражувањето, развивме збир препораки и упатства за институциите.

**Метаморфозис** е независна, непартиска и непрофитна фондација со седиште во Скопје, Република Македонија. Мисијата на Метаморфозис е да придонесе за развој на демократијата и подобрување на квалитетот на живеење преку иновативна примена и ширење на знаењето. Наши главни вредности се отвореност, еднаквост и слобода. Програмските области во кои делува Метаморфозис се:
• Општествени иновации
• Животна средина
• Човекови права
• Добро владеење

Фондација Метаморфозис

адреса: ул. „Апостол Гусларот” бр. 40, 1000 Скопје, Македонија
е-пошта: info [AT] metamorphosis.org.mk
телефон: +389 2 3109 325
www.metamorphosis.org.mk

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

347.962(497.7)

НАУМОВСКА, Нада

Препораки за подобрување на состојбата : отвореност на судската власт во регионот и во Македонија / Нада Наумовска, Данче Даниловска. - Скопје : Фондација Метаморфозис, 2018. - 16 стр. ; 25 см

ISBN 978-608-4564-96-6

1. Даниловска, Данче [автор]

а) Судска власт - Транспарентност - Македонија

COBISS.MK-ID 108119562

